О Ебу Мунзир, знаеш ли кој е највредниот ајет во Аллаховата Книга?“ Одговорив: „Аллах е, нема друг бог освен Него, Живиот и Самоопстојувачкиот Одржувател!“ Тогаш тој ме удри по градите и рече: „Ти честитам на знаењето, Ебу Мунзир.“

Убејј бин Каб, Аллах нека е задоволен со него, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „О Ебу Мунзир, знаеш ли кој е највредниот ајет во Аллаховата Книга?“ Одговорив: „Аллах и Неговиот Пратеник најдобро знаат.“ Пратеникот повторно праша: „О Ебу Мунзир, знаеш ли кој е највредниот ајет во Аллаховата Книга?“ Одговорив: „Аллах е, нема друг бог освен Него, Живиот и Самоопстојувачкиот Одржувател!“ Тогаш тој ме удри по градите и рече: „Ти честитам на знаењето, Ебу Мунзир.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го прашал Убеј бин Каб кој е највредниот ајет во Аллаховата Книга. Убеј прво се двоумел, а потоа одговорил дека тоа е Ајетул Курси (Аллах е, нема друг бог освен Него, Живиот и Самоопстојувачкиот Одржувател). Божјиот пратеник го потврдил одговорот и го удрил по градите како знак дека се исполнети со знаење и мудрост, и направил дова за него да биде среќен со ова знаење и да му биде олеснето.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65059